

# КОНДОВСКИ ФИЛИП

ПРОДАЖНА ГАЛЕРИЈА

МСУ

музеј на современата уметност, скопје

Музеј на современата уметност, Скопје
Ве поканува на продажната изложба на
ФИЛИП КОНДОВСКИ
18 **Април во 20.00 часот**

**ФИЛИП КОНДОВСКИ /** филмски и тв сниматео

БИОГРАФИЈА

Студирал на Академијата за театар и филм "К.Сарафов" во Софија Р.Бугарија на Одделот филмска и ТВ камера.

Дипломирал во 1996 година, во класата на професор Венец Димитров, со 50-минутниот краток филм "Аамаро, ма нон тропо" снимен на 16мм во режија на Кристијан Ристевски.

Есента 1996 година во "Културниот центар Мала станица" во Скопје, Филип Кондовски ја отвори и својата прва самостојна изложба на фотографии, под наслов "ЛИЦА", што предизвика голем интерес. По затворањето во Скопје, изложбата беше пренесена во "Домот на културата во Охрид, а подоцна и во просториите на Прес центарот на 18"Манакиеви средби" во Битола и на Меѓунродните студентски филмски средби, во фоајето на Домот на киното во Софија, што се одржува по повод 50-годишнината на Драмскиот оддел и 25-годишнината на филмскиот оддел на Националната Академија во Софија.

Во 1998 година во продукција на МТВ, Филип Кондовски го снима ТВ филмот " Денес, утре..."според сценариото на Ана Шапкалиска, во режија на Игор ПопТрајков.ТВ филмот " Денес, утре...", беше прикажан во Берлин на Приџ Еуропа 98 во категоријата Ѕоунг Еуропе.

Во 1999 година со режисерот Андреја Трајковски ги сними двата кратки филма-документарецот " Двоглед" и кусиот игран филм "Глушецот", според сценариото на Иван Пешев, во продукција на МТВ. Истата година Филип Кондовски е сниматеп и на три емисии за Културната редакција на МТВ, односно нејзиниот циклус""Културна ризница", во кој, според сценаријата на историчарот на уметноста д-р Димитар Корнаков, се обработуваат македонските цркви иманастири. Тоа се емисиите: "Сливнички манастир" и Две влашки цркви во потпелистерските села Маловиште и Гопеш" - во режија на Коле Малинов и "Осоговскиот манастир", во режија на Драги Савевски. Освен ова, во изминатиов период Ф.К. сними повеќе спота и рекламни фотографии за драмски, балетски и оперски претстави и плакати, најчесто со Филип Унковски, со кого ги правеше и спотовите "Скопско лето", "Драмски театар ви прикажува"и други.

# ФИЛИП КОНДОВСКИ ПРОДАЖНА ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ

Во времето на ренесансата за добро известен човек се велело дека "има нос". Денес за човек со инвенции се вели дека " има око". Во ова наше време сетилото за вид има најистакнато место, ова е време на фотографијата која влезе во сите свери на животот и стана една од примарните визуелни сили на нашата цивилизација.

Експонатите на Филип имаат високо естетско ниво, тие ги надминуваат границите на уметничка фотографија.Би сакала пред неговите фотографии да побараме вистински збор за неговата естетика и за она што го покажува во начинот на изразувањето. Фотографиите се насловени како "лица". Филип како да има моќ на психоаналитичар, тој знаејќи дека подсвеста е богата со слики, ги користи очите кои имаат големо влијание во откривањето на лицата. Тоа се лица со магична моќ, а блесокот на очите не трае триесетина секунди, за да делува на човек да ги почувствува аналитично, тие очи со својата моќ допираат најдлабоко, во длабочината на душата од која тие не гледаат.Во овие фотографии времето е носталгично, тие пловат во минливоста, со потенциран мек тон, со пукнатини како во делата на старите мајстори, со суптилна реминисценција и нежна проѕирност, сите тие елементи говорат за авторовиот јасен концепт,

Овие фотографии поттикнуваат, мир, спокој, љубов и кроткост која смирува, оплеменува, отпушта. Со еден збор фотографите на Филип се многу ретки, и го надминуваат обичното прикажување на лицата.

Марина Лешкова организатор на продажната изложба на фотографии.

KONDOVSKI FILIP



The Museum of Contemporary Art, Skopje
kindliy invites you to sale exhibition of
FILIP KONDOVSKI
on April 18, 2000

sale gallery